**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник на Град Скопје |
| ИЗГОТВУВАЧ: | Сектор за планирање и уредување на просторот |
| ПРЕТСТАВНИК: | Звонимир Цветановски, Раководител на Сектор |

# ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје

Скопје, јуни 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 05/02) и член 10, став 1, точка 5 од Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ број 55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје на _________ седница одржана на __________2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат општи и посебни стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје.

**Член 2**

(1) Времени објекти и урбана опрема може да се поставува согласно одредбите на законите, прописите донесени врз основа на закон, стандардите во оваа одлука и условите, начинот и постапката утврдени со посебни прописи.
(2) Времени објекти и урбана опрема може да се поставуваат и со посебни проекти изготвени од страна на градот Скопје, односно од општините на подрачјето на градот Скопје, а со претходна согласност од градот, за јавни површини од посебен интерес за градот (кејот на реката Вардар, ул. Македонија, плоштадите, Старата скопска чаршија, тврдината Кале, Парк шумата „Водно“, заштитеното подрачје Карактеристичен пејсаж „Гази Баба“, спортско рекреативниот центар „Сарај - Матка“, езерото „Треска“, градските паркови и др.).

**Член 3**

(1) Поимите времени објекти и урбана опрема употребени во оваа одлука се со значење определено во Законот за градење.
(2) Јавни површини се простори дефинирани во урбанистичките планови и означени со регулациони линии, на кои се изградени инвестициони и инфраструктурни објекти во општа употреба, како и воздушниот простор над нив.
(3) Како јавни површини, во смисла на оваа одлука, се сметаат и неизградени површини чија намена е за општа употреба, до реализација на нивната намена утврдена со урбанистичките планови.
(4) Слободна проодна површина е дел од јавната површина наменет исклучиво за движење на пешаци, на која не смее да се поставуваат времени објекти и урбана опрема.

**Член 4**

(1) Одредбите на оваа одлука се применуваат при поставување на времени објекти и урбана опрема на јавна површина, како и во случаи кога урбаната опрема е поставена на објекти или земјиште во сопственост, а при вршење на

дејност се користи јавна површина како манипулативен простор (шалтерски или друг вид на давање на услуги надвор од регулационата линија), како и кога ова земјиште се користи во јавна употреба.
(2) Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на утврдените градежни парцели согласно детален урбанистички план каде организацијата на просторот се врши согласно планската и проектната документација (просторите на пазари, саеми, автобуски и железнички станици и постојки, трговски центри, индустриски и други јавни објекти).

## II. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И УРБАНА ОПРЕМА

### Член 5

(1) Со поставување на времени објекти и урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените и деловните згради, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува безбедноста во сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува или зафаќа зелена површина (зеленило).
(2) Времените објекти и урбаната опрема, со својот изглед, форма и дејност, не смеат да го намалат естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

### Член 6

(1) Поставувањето на урбаната опрема за настани и манифестации и комерцијално-угостителската урбана опрема се врши на начин што истата не смее на никаков начин да биде трајно прицврстена за подлогата, а нејзиното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.
(2) Поставувањето на времените објекти се врши на начин кој овозможува лесно отстранување на времениот објект без оштетување на просторот (површината) на која е поставен.

### Член 7

(1) Површината што служи за употреба на времените објекти и урбаната опрема мора да се одржува естетски и во хигиенски исправна состојба.
(2) Одржувањето на површината е обврска на имателот на одобрение за поставување на времениот објект или урбаната опрема.

### Член 8

(1) При поставување на времени објекти и урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците, амбулантни возила, противпожарни возила или да го оневозможат движењето на стари лица со помагало, лица со посебни потреби и лица со детски колички.
(2) При поставување на времени објекти и урбана опрема, не смеат да се преземаат зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.
(3) Границите во кои треба да биде поставена урбаната опрема се означуваат со маркери. Урбаната опрема треба да биде сместена исклучиво во границите

на маркерите, кои што мора да се јасно видливи и да не се покриваат со елементите од урбаната опрема.

(4) При поставување на времени објекти и урбана опрема, може да се постави монтажно-демонтажна платформа или подлога од модуларни елементи со максимална висина од 15см која не е трајно прицврстена за постоечката површина.

(5) Доколку монтажно-демонтажната платформа се поставува заради нивелирање на подлогата како и кај терени во пад, треба да биде со висина најмалку потребна за нивелирање на постоечките нарамнини или падови на теренот.

**Член 9**

(1) Урбана опрема може да се постави на јавна површина со минимална широчина од 4м**,** а за поставување на монтажно-демонтажна или типска опрема од лесна конструкција минималната широчина на јавната површина треба да изнесува 4,5м.

(2) При поставувањето на урбаната опрема се утврдуваат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,30м до 0.80м од рабникот на коловозот (за столбчиња кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи) (цртеж 1), односно 0,30м до 2,5м од рабникот на коловозот за автобуски стојалишта (цртеж 2 и 3).




Цртеж 1




Цртеж 2




Цртеж 3

**Член 10**

(1) При поставување на урбана опрема на тротоари и други пешачки површини, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот или пешачката површина изнесува 2.5м (цртеж 4 и 5).







Цртеж 4

Цртеж 5

(2) Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, согласно став 1 на овој член, се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека.
(3) Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столбчиња, денивелација, дрвја, комунален, рекламен објект и слично), но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м во широчина и висина од 2м (цртеж 6, 7 и 8).







Цртеж 6

Цртеж 7




Цртеж 8

**Член 11**

(1) Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 4м од пресечната точка на двете регулациони линии (цртеж 9).




Цртеж 9

(2) Доколку пешачката површина (тротоарот) е поголема од 5м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема за тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект) (цртеж 10 и 11).




Цртеж 10




Цртеж 11

**Член 12**

При поставување на времени објекти и урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски

комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.
- употреба на современи материјали кои овозможуваат примена на монтажно-демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на времените објекти и урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и сл.
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба (член 4, став 1 од оваа одлука), согласно закон.

**Член 13**

При поставувањето на времените објекти и урбаната опрема, покрај стандардите утврдени со оваа одлука, се почитуваат и специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење, видот на дејноста која се врши и слично.

## III. ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

**Член 14**

Урбаната опрема може да биде:

**1. Монтажно-демонтажна урбана опрема:**

Киосци, тезги, типски објекти за обезбедување, автобуски постројки, билетари, јавни санитарни јазли, подвижни објекти, телефонски говорници, банкомати, паркинзи, полначи за електромобили, опрема за спортско-рекреативни активности.

**2. Урбана опрема за настани и манифестации:**

Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани и манифестации.

**3. Комерцијално-угостителска урбана опрема:**

Тераси со или без настрешници, покриени и непокриени шанкови, елементи за изложување и продажба на производи како витрини, полици и фрижидери.

**4. Рекламно-информативна урбана опрема:**

Самостоечки рекламно-информативни паноа, преносливи рекламно-информативни паноа, рекламно-информативни паноа прицврстени на објекти, рекламно-информативни паноа прицврстени на комунална урбана опрема и рекламно-информативни површини на партер.

**5. Комунална урбана опрема:**

Фонтани, чешми, клупи, корпи за отпадоци, огради, жардињери, слободностоечки настрешници, паркиралишта за велосипеди, детски игралишта и опрема за забава на деца.

### <u>1. Монтажно-демонтажна урбана опрема:</u>

**Член 15**

(1) **Киосци** се објекти од лесна конструкција, со површина до 16м$^2$, кои можат да се поставаат на одредени места, согласно елаборат одобрен од Град Скопје. Монтажно-демонтажни киосци од лесна конструкција се наменети за

продажба на весници, билети за јавен превоз, сувенири, игри на среќа, цвеќе, вода и безалкохолни пијалаци, храна, кондиторски и слични производи.

(2) Монтажно-демонтажните киосци се поставуваат согласно Програма за поставување на урбана опрема.

(3) При поставување на монтажно-демонтажните киосци се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на Монтажно-демонтажните киосци.

(4) Монтажно-демонтажните киосци можат да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 4,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15см.

(5) Монтажно-демонтажните киосци од лесна конструкција и подвижните објекти, од член 16 на оваа одлука, можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно-информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

(6) Обликовни услови при поставување на монтажно-демонтажни киосци:

- Монтажно-демонтажните киосци со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот киоскт може да се постави роло тенда.
- На монтажниот киоск може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на киоскот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки, и да не го надминува горниот раб на монтажниот киоск повеќе од 1м.
- На надворешниот дел од монтажниот киоск не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.
- Во монтажно-демонтажниот киоск е дозволено поставување на грејни тела на електрична енергија. Доколку се постави друг вид на грејно тело, за истото е потребно да биде поставен оџак согласно позитивните законски прописи за таа дејност

(7) Сообраќајни услови при поставување на монтажно-демонтажни киосци:

- Монтажно-демонтажен киоск или групација на киосци мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, лица со посебни потреби и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот минимум 1,5-2,5м, а од раскрсница минимум 5м од почетокот на радиусот за десно свртување.

(8) Технички услови при поставување на монтажно-демонтажни киосци:

- При поставување на монтажно-демонтажниот киоск мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на производи, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација, (мијалник-тоалет).
- Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

**Член 16**

(1) **Тезги** се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори определени со посебни програми или елаборати и служат за продажба на соодветни производи.

(2) Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

(3) Максималната површина на тезгите изнесува 2м$^2$ до 4м$^2$**,** и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

(4) Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

**Член 17**

**Подвижни објекти** се објекти на сопствен погон или влечно во кои можат да се даваат конфекционирани угостителски услуги, доколку ги исполнуваат минимално-техничките услови и другите услови пропишани со закон. Максимална површина која може да ја зафаќа подвижниот објект е 16м$^2$.

**Член 18**

**Типските објекти за обезбедување** кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објектите на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти можат да имаат максимална површина од 4м$^2$.

**Член 19**

**Автобуските постојки:** Типот и микролокацијата каде ќе бидат поставени се уредуваат со програма за поставување на автобуски стојалишта, посебен елаборат или проект кој го утврдува Градот Скопје во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4м$^2$ до 16м$^2$ и висина до 4м од ниво на тротоар до врвот на покривачот и минимум слободен прооден простор пред нив од 0,3м.

**Член 20**

**Јавни санитарни јазли** се поставуваат врз основа на одобрен елаборат. Минимална димензија на една кабина од санитарен јазел е 1м$^2$. Пред јавен санитарен јазол потребно е да се обезбеди манипулативан простор со ширина од 1м без да се наруши минималната слободна проодна површина.

**Член 21**

**Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати** можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби и се поставуваат врз основа на одобрен елаборат. Пред нив треба да се обезбеди манипулативан простор 1х1,5м без да се наруши минималната слободна проодна површина.

**Член 22**

**Полначи за електромобили** се поставуваат на јавни паркиралишта или такси станици. За еден полнач мора да има обезбедено паркинг место со големина од најмалку 2,5х5м.

**Член 23**

**Опремата за спортско-рекреативни активности и привремени конструкции за жичани системи и опрема** се поставува во зони и простори дефинирани од градот Скопје или од општините во градот Скопје, на посебни парцели или локации кои се подобни за спортски активности и истите ќе се димензионираат во зависност од конкретната активност, местоположбата и конфигурацијата на теренот, согласно одобрен елаборат.

## 2. Урбана опрема за настани и манифестации

**Член 24**

(1) **Опремата во функција на туристички, културни и спортски настани** се поставува врз основа на микролокација или одобрен елаборат од Град Скопје.
(2) Урбаната опрема која се поставува во рамките на манифестацијата или настанот може да биде: бина, тезга, шатор, трафика, покриен или непокриен шанк, настрешница, спортска опрема, јавен санитарен јазол и друго.
(3) Урбаната опрема што се поставува по повод настани, манифестации, презентации и изложби, по завршувањето на настанот, се отстранува од јавната површина.

## 3. Комерцијално-угостителска урбана опрема

**Член 25**

(1) Поставувањето на комерцијално-угостителска урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, во согласност со расположливиот простор, доколку се исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.
(2) Поставувањето на комерцијално-угостителска урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност на пешачки улици може да зафаќа најмногу 50% од попречниот профил на пешачката улица / површина, во случај кога урбаната опрема се поставува долж двете страни од пешачката улица (цртеж 12), а во случај кога урбаната опрема се поставува долж едната страна на пешачката улица може да зафаќа најмногу 25% од попречниот профил на пешачката улица/површина, во согласност со расположливиот простор, одредбите од оваа одлука и други прописи (цртеж 13).




Цртеж 12




Цртеж 13

**Член 26**

(1) **Тераси со или без настрешници** се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, а при тоа не смеат да се нарушат параметрите за непречено безбедно движење и слободната печашка површина, наведени во оваа Одлука.

(2) На јавната површина на која се поставува урбана опрема за организација на тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди и друго.

(3) Минимална широчина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови или клупи изнесува 1,5м.

(4) На јавната површина која се користи за тераса е дозволено поставување на грејни тела на електрична енергија.

(5) Елементите на опремата на терасата не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина, односно урбаната опрема треба да биде сместена исклучиво во границите на маркерите.

(6) Не е дозволено покривање на урбаната опрема на терасата со најлони за заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи. Урбаната опрема може да се отстрани од јавната површина при што се забранува скаладирање на истата покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и нејзино натрупување на куп.

(7) Не е дозволено целосно или делумно затворање на терасата со поставување на монтажно-демонтажни проѕирни сигурносни панели на собирање (имитација на стакло: плексиглас, лексан и сл.), со систем на отворање и затворање, како и со најлони, платна, пластични профили обложени со најлони, платна и други меки материјали.

(8) За заштита на терасите од атмосферски влијанија дозволено е поставување на чадори, тенди и настрешници. Сите направи за заштита од атмосферски влијанија поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

(9) Чадорите се со минималната слободна височина од 2.4м над слободната проодна површина (цртеж 14). Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја покриваат само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

**Член 27**

(1) **Тенда** е типски монтажен елементи со роло механизам, покриени со меки материјали (гумирано платно или слично), конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за најмалку еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

(2) При поставувње на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3,2м.

(3) Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за терасата.

(4) Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков материјал или фиксна конструкција.

**Член 28**

(1) **Настрешница** е монтажно-демонтажна направа за заштита од сонце и атмосферски влијанија, со два или повеќе носачи и подвижен покрив од меки материјали (гумирано платно и слично), слободностоечка или прицврстена за монтажно-демонтажната платформа и не смеат да бидат прицврстена на јавната површина.
(2) Доколку станува збор за поинаков тип на настрешница од став 1 на овој член, потребно е за истата да биде обезбедено одобрение - решение од страна на општините на подрачјето на градот Скопје согласно Законот за градење.
(3) При поставување на настрешница, минималната слободна височина изнесува 3,2м над слободната проодна површина (цртеж 15)
(4) Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон.
(5) На надворешниот дел од настрешницата кон јавната површина не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација, како и било каква опрема надвор од габаритот на настрешницата, односно површината за поставување урбана опрема.







Цртеж 14 Цртеж 15

**Член 29**

(1) **Огради, жардињери и граничници** се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.
(2) Максималната висина на оградите, жардињерите и граничниците е 0,8м.
(3) Не е дозволено поставување на бетонски жардињери како ограда на тераса.
(4) Над дозволената максимална висина на оградата, жардињерата или граничникот дозволено е и поставување на проѕирна преграда со максимална висина од 0,7м, или вкупно 1,5м сметано од котата на подот.




Цртеж 16

**Член 30**

(1) **Елементи за изложување на производи** како витрини, полици, фрижидери се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот покрај ѕид, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.
(2) При поставување на оваа урбана опрема важат општите и посебни услови за поставување на комерцијално-угостителска опрема.
(3) Просторот што се користи за изложување на производи не смее да се оградува или затвора на било кој начин (најлони, решетки, застаклување и слично).

**Член 31**

(1) **Покриени и непокриени шанкови** се поставуваат на скверови, во парк, на кеј на река, покрај водни и рекреативни површини, со претходно одобрен елаборат од Град Скопје.
(2) Покриените и непокриените шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, канализација и електрична енергија.
(3) Составен дел на локацијата на покриени и непокриени шанкови може да биде и тераса за која важат стандардите на оваа одлука.

## 4. Рекламно-информативна урбана опрема

**Член 32**

(1) Рекламно-информативната урбана опрема се поставува на јавни површини и служи за јавна намена, за информирање на граѓаните (мапа на град, возен ред и друго), за огласување и промоција на културно-уметнички, спортски и други манифестации и настани, за комерцијално рекламирање и рекламирање за сопствени потреби.
(2) Типот и локациите за поставување на рекламно-информативната урбана опрема се определуваат со Програма за поставување на урбана опрема, донесена од Град Скопје или општините во градот Скопје, а по предходна согласност од Град Скопје и/или со елаборат за поставување на урбана опрема.
(3) При поставувањето на рекламно-информативната урбана опрема мора да се внимава истата да биде така поставена да не го попречува слободното движење ниту видливоста во сообраќајот, ниту да се поставува директно пред влез/излез од некој објект.

(4) Рекламно-информативната урбана опрема во функција на рекламирање за сопствени потреби се поставува со цел да се олесни ориентирањето на посетителите во однос на деловниот објект. Истата се поставува непосредно пред деловниот објект односно во зона на максимална оддалеченост од 100 метри од истиот.
(5) Рекламно-информативната урбана опрема за јавна намена е во функција за информирање на граѓаните (патокази, инфо-табли и сл.) и се поставува со цел да се олесни ориентирањето и движењето на пешаците, посетителите, лицата со посебни потреби и слично. Истата се поставува на места лесно видливи за потенцијалните корисници, во близина на велоспипедски или пешачки патеки, пешачки премини и во близина или во склоп на паркинг простори.
(6) Рекламно-информативната урбана опрема во однос на поставеноста може да биде слободностоечка, пренослива, прицврстена на објект, прицврстена на комунална урбана опрема и партерна.

**Член 33**

(1) **Слободностоечка рекламно-информативната урбана опрема** се поставува на пешачки и зелени површини или во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за јавните патишта и посебен акт на Град Скопје.
(2) Слободностоечката рекламно-информативна урбана опрема во однос на големината на површината за рекламирање може да биде:

- до 3м$^2$ (тотеми, ситилајти, видео панели, знамиња, јарболи, патокази, инфо табли и слично),
- од 3,1м$^2$ до 12м$^2$ (тотеми, билборди, видео панели, знамиња, јарболи, инфо табли и слично),
- од 12,1м$^2$ до 30м$^2$ (рекламни паноа за објекти над 1.000м$^2$),
- од 31,1м$^2$ до 120м$^2$ (уреди и конструкции на влез во населено место, шеталишта и други јавни површини).

**Член 34**

(1) **Преносливи рекламно-информативни паноа** се поставуваат за рекламирање, огласување и промоција во рамките на културно-уметнички, спортски и други манифестации и настани.
(2) Преносливите рекламно-информативни паноа во однос на корисната површина која ја зафаќаат може да бидат до 12м$^2$.

**Член 35**

(1) **Рекламно-информативната урбана опрема прицврстена на објект** се поставува на фасади, надпатници и мостови, градежно скеле и на огради на градилиште.
(2) Рекламно-информативната урбана опрема прицврстена на објект во однос на корисната површина која ја зафаќаат може да биде:

- до 12м$^2$ (рекламно пано на ограда на градилиште, надпатник или мост),
- до 120м$^2$ (рекламно платно на градежно скеле).

**Член 36**

(1) **Рекламно-информативна урбана опрема прицврстена на комунална урбана опрема** може да се поставува на столбови за уличното осветлување, електрична, телекомуникациска и друга инсталација, клупи, корпи, граничници, огради, жардињери, дрва и слично.

(2) Рекламно-информативната урбана опрема прицврстена на комунална урбана опрема во однос на големината на површината за рекламирање може да биде:

- до 3м$^2$ (рекламни табли, видео панели, патокази, инфо табли и слично),
- до 12м$^2$ (транспаренти, банери и слично).

**Член 37**

**(1) Рекламно-информативни површини на партер** (партерно рекламирање), се поставува на пешачки површини или во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и посебен акт на Град Скопје.
(2) Подното рекламирање не смее да е трајно прицврстено за подлогата, во никој случај не смее да ја оштети подлогата, треба да е дизајнирано така што лесно ќе се поставува и отстранува, а притоа да не пречи на слободното движење на пешаците и лицата со посебни потреби.

## 5. Комунална урбана опрема

**Член 38**

**(1) Фонтани, чешми, клупи, корпи за отпадоци** се поставуваат на јавна површина во зависност од бројноста и потребите на корисниците. Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.
(2) Покрај фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1x1,2м за лицата со посебни потреби.
(3) Корпите за отпадоци може да бидат слободностоечки или прикачени за улични светилки или фасади на објекти.

**Член 39**

(1) **Паркиралишта за велосипеди** во однос на типот и локацијата се определуваат со одобрен елаборат за поставување на урбана опрема.
(2) При поставување на паркиралиште за велосипеди на јавна површина не смеат да се нарушат параметрите за непречено безбедно движење и слободната пешачка површина, наведени во оваа Одлука.
(3) Минимална димензија за едно паркинг место за велосипед е 0.8x1.8м.

**Член 40**

(1) **Детски игралишта и опремата за забава на деца,** може да се постават со проект за поставување на урбана опрема, на изградено градежно земјиште погодно за таа намена, како и во уредено зеленило.
(2) Опремата за забава на деца и детски игралишта може да се постави и со проекти на градот или општините во градот Скопје, а просторот се дава на користење зависно од проектната програма.
(3) Подвижна опрема за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или слободно земјиште), а просторот се дава на краткотрајно користење.

## IV. ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ

**Член 41**

(1) Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште заради привремена употреба на просторот до реализација на урбанистички план.
(2) Во зависност од намената односно дејноста која се врши во нив времените објекти можат да бидат:

1. Привремени паркинзи и приодни патеки и
2. Монтажно-демонтажен или типски објект за продажба на храна, за туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности (платформи за спортски, културни, туристички и забавни настани, придружни објекти во функција на спортски настани и летни дискотеки)

### 1. Привремени паркинзи и приодни патеки

**Член 42**

(1) Привремени паркинзи и приодни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,8м).
(2) Привремените паркинзи можат да содржат монтажно-демонтажни или типски објекти како чуварска куќарка за наплата, рампа за влез и излез и сл.
(3) Површината на монтажно-демонтажниот или типски објекти како чуварска куќарка не треба да биде е поголема од 4м$^2$. За неа важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

### 2. Монтажно-демонтажен или типски објект за продажба на храна и за туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности (платформи) и летни дискотеки

**Член 43**

(1) Монтажно-демонтажни или типски објекти од лесна конструкција со површина до 16м$^2$ можат да се постават на места одредени со годишна програма за поставување на времени објекти, изготвена од страна на Град Скопје, односно од општините на подрачјето на градот Скопје, а со претходна согласност од градот Скопје.
(2) Монтажно-демонтажнте објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на храна, вода, кондиторски и слични производи, безалкохолни пијалаци, весници, билети за јавен превоз, сувенири, игри за среќа, а во функција на туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности.
(3) При поставување на монтажно-демонтажните објекти се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на монтажно-демонтажните времени објекти.
(4) Монтажно-демонтажните објекти можат да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 4,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15см.

(5) Обликовни услови за поставување на монтажно-демонтажен објект:
- Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на времени објекти. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект може да се постави роло тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со ширина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 1м.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.
- Во монтажно-демонтажниот објект е дозволено поставување на грејни тела на електрична енергија. Доколку се постави друг вид на грејно тело, за истото е потребно да биде поставен оџак согласно позитивните законски прописи за таа дејност.

(6) Сообраќајни услови за поставување на монтажно-демонтажен објект:
- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, лица со хендикеп и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот 2,5м а од раскрсница минимум 5м од почетокот на радиусот за десно свртување.

(7) Технички услови за поставување на монтажно-демонтажен објект:
- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација, (мијалник-тоалет).
- Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

**Член 44**

(1) Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

(2) Платформите се поставуваат на неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

(3) При поставувување на летни дискотеки важат општите и посебните стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

(4) Летните дискотеки се поставуваат со Програма донесена на Совет на Град Скопје и Советите на општините во градот Скопје, со предходна согласност од Град Скопје.

**Член 45**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема

на подрачјето на градот Скопје „Службен гласник на Град Скопје“ број 3/10, 3/11, 18/11, 11/14 и 16/15).

**Член 46**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број _____________ СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
___.___ 2022 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Скопје

Проф. д-р Трајко Славески

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Основна надлежност од јавен интерес од локално значење на градот Скопје е планирањето и уредувањето на просторот.

Согласно Законот за Град Скопје (“Службен весник на РМ“ бр.55/04 и 158/11) член 10, став 1 алинеа 5 надлежност на Град Скопје е утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје.

Заради големиот број на измени на важечката Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје „Службен гласник на Град Скопје“ број 3/2010, 3/2011, 18/2011, 11/2014 и 16/2015 како и заради усогласување на истата со одредбите од Законот за градење кои ги третираат времените објекти и урбаната опрема, се налага потребата за донесување на нова одлука.

За начинот на кој е формулирана досегашната одлука имаше забелешки од корисниците, институции и странки, заинтетесирани за поставување на урбана опрема и времени објекти, дека тешко можат да ги пронајдат одредбите кои се однесуваат на видот на урбаната опрема и времени објекти кој ги интересира.

Измените во оваа одлука извршени во однос на предходната одлука се: утврдување на посебни стандарди за урбана опрема и посебни стандарди за времени објекти што предходно беа третирани во заеднички одредби, прецизирање на видовите на урбана опрема и времени објекти во согласност со Законот за градење и интерполирање на графички прилози со кои се дообјаснуваат одредбите од одлуката и се избегнуваат нејаснотиите и различните толкувања на претходната одлука. Тука спаѓа и поставувањето на урбана опрема и изгледот на терасите пред угостителските објекти и нивното интегрирање во урбаниот простор.

Со оваа одлука се опфаќаат и нови типови урбана опрема кои сега ќе бидат правно регулирани, како продавачи во подвижни објекти, подвижна опрема за забава на деца, опрема за спортско-рекреативни активности, привремени конструкции за жичани системи и опрема, опрема за фитнес и друго.

Основна цел на одлуката, е поставување на нови стандарди во урбанизирање на главниот град со цел унапредување на квалитетот на живеење на скопјани.

Врз основа на предходно изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлуката.

Градоначалник на Град Скопје